

**Предизвици и препораки**

# МАКЕДОНИЈА

**за слобода на собирање**

## Одговорноста на организаторот на мирен собир

### Проблем

Одговорноста на организаторот на мирен собир да ги обезбеди јавниот ред и мир на протестот и да обезбеди доволно редари. Одредбите кои им наметнуваат на редарите толку високо ниво на одговорност отвораат простор за различни и произволни толкувања, кои би можеле да бидат искористени против организаторите на собирите.

### Меѓународниот стандард

Обврските на организаторите за заштита на правата на граѓаните и на јавниот ред не кореспондираат со меѓународните стандарди. Специјалниот известувач на ОН за правото на мирно собирање и на здружување наведува: *„Организаторите и учесниците на собирите не би требало да се сметаат за одговорни (или да сносат одговорност) за незаконското поведение на другите ... [и, заедно со] редарите на собирите, не би требало да се држат одговорни за одржувањето на јавниот ред“.*[1]

### Како би требало да се имплементира

Одговорноста на организаторите треба да се преиспита и да се ревидира во законот, во согласност со меѓународните стандарди.

# Притисокот врз граѓаните за учество на собирите

Притисокот врз граѓаните за учество на собирите кој се врши од страна на властите на различни начини – особено ако потенцијалните учесници на собирот се вработени во јавната администрација на кои им се упатени закани за казни доколку протестираат против властите.

Овие практики се спротивни на меѓународните стандарди кои потенцираат дека правото на слобода на собирање ги обврзува државите да преземат позитивни мерки за воспоставување и одржување на овозможувачка клима. Советот на човекови права (СЧП) постојано нагласува дека *„на мирните протести не треба да се гледа како на закана, и оттаму ги охрабрува сите држави да се вклучат во отворен, инклузивен и содржаен дијалог кога се во прашање протестите и причините за нив. “*[2]

Не треба да се врши никакво влијание или пак притисок врз граѓаните од страна на властите на било кое ниво заради (не)учество на собирите. Било каков обид од тој вид треба да биде санкциониран од страна на релевантните тела.



# Прекумерната и неселективна употреба на сила

Прекумерната и неселективна употреба на сила од страна на полицијата врз учесниците на собири, која беше потврдена од страна на организациите за човекови права и релевантните национални и меѓународни институции.

Таквото однесување на полицијата претставува прекршување на меѓународните стандарди. Според Европскиот суд за човекови права, *„поединецот не престанува да го ужива правото на мирно собирање како резултат на спорадично насилство или други казниви дела сторени од други за време на демонстрациите, доколку поединецот за кого станува збор продолжува да биде мирољубив во сопствените намери или однесување.“*[3]

Полицијата треба да биде добро запознаена со законската рамка и ограничувањата кои таа ги наметнува. Полицијата исто така треба да развива вештини за ненасилно разрешување на конфликти. Употребата на сила од страна на полицијата треба да биде независно истражена како дел од процесот на јавна одговорност.

# Видео снимање на јавните собири

Снимките понекогаш се даваат на медиумите и потоа се злоупотребувани за обележување и дискредитирање, за заканување и вознемирување на учесниците на собирите, особено на оние кои работат во јавната администрација.

Советот за човекови права на ОН јасно наведува дека „*снимањето на учесниците на јавен собир во контекст и на начин кој заплашува или вознемирува, претставува недозволено мешање во нивните права*.“[4]

Треба да се воведат стриктни насоки за снимањето и за користењето на снимките од собирите, со што ќе се осигура дека снимениот материјал нема да биде злоупотребен.



# Криминализација на собирите

Против против учесниците на антивладини собири се покренуваат кривични пријави и постои селективна примена на правото, која се смета за резултат на политичките влијанија врз кривичниот правосуден систем.

Таквите постапки претставуваат прекршување на меѓународните стандарди за човековите права. Според Европскиот суд за човекови права, „*поединецот не престанува да го ужива правото на мирно собирање како резултат на спорадично насилство или други казниви дела сторени од други за време на демонстрациите, доколку поединецот за кого станува збор продолжува да биде мирољубив во сопствените намери или однесување.*“

Треба да се воспостават стриктни насоки за да се осигура дека кривичните пријави ќе се користат без дискриминација врз основа на содржината на собирот, и дека притворот ќе се користи само како последно средство и само за поединци за кои се смета дека претставуваат опасност за јавната безбедност.

[1] Специјалниот известувач на ОН за правата на слобода на мирно собирање и на здружување, Маина Киаи, (2012). Најдобрите практики кои се однесуваат на правото на слобода на мирно собирање и на здружување, параграф 31, A/HRC/20/27. За повеќе, видете ОБСЕ/ОДИХР и Венецијанската комисија, Насоки за слободата на мирно собирање, Второ издание 2010; препорака 5.7

[2] Совет за човекови права на ОН, Извештај на Специјалниот известувач за правото на мирно собирање и здружување, 24 април 2-13, A/HRC/23/39, достапен на http://www.refworld.org/docid/51b5c8494.html, стр. 14, параграф 45.

[3] EctHR, Зилиберберг против Молдавија (2004).

[4] Совет за човекови права на ОН, Заеднички извештај на Специјалниот известувач за правата на слобода на мирно собирање и на здружување и на Специјалниот известувач за вонсудска, по скратена постапка или арбитрерна егзекуција, за правилно менаџирање на собирањата, 4-ти февруари 2016 година, A/HRC/31/66, достапен на http://www.refworld.org/docid/575135464.html , параграф 76.

*This material was produced under the project '**The Western Balkans Assembly Monitor**' managed by ECNL which was made possible by the International Center for Not-for-Profit Law through the Civic Space Initiative, implemented in partnership with ARTICLE 19, CIVICUS: World Alliance for Citizen Participation, and the World Movement for Democracy.*

*Copyright ECNL and Reactor© 2016*



*Original photo: todos juntos. © dfactory, flickr.*